**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

---

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 27 (дваесет и седмата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.07.2023 год. во 11:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

Д н е в е н   р е д

47. Усвојување на Записникот од дваесет и шестата седница на Советот на општина Долнени.

48. Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Долнени за 2023 година.
49. Квартален извештај К1, К2 и К3 за втор квартал.
50. Одлука за давање на согласност на одлуката за продажба на движна ствар.
51. Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на општина Долнени за 2023 година.
52. Одлука за измени и дополнување на Одлуката со бр. 08-146/6 од 31.01.2023 година.
53. Разно.

Претседател на Советот
на општина Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 27 (дваесет и седмата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.07.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 11:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Переcки, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

## Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од дваесет и шестата седница на Советот на општина Долнени.
2. Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Долнени за 2023 година.
3. Квартален извештај К1, К2 и К3 за втор квартал.
4. Одлука за давање на согласност на одлуката за продажба на движна ствар.
5. Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на општина Долнени за 2023 година.

6. Одлука за измени и дополнување на Одлуката со бр. 08-146/6 од 31.01.2023 година.

Вака преставениот дневен ред пред советниците беше ставен на гласање од кој сите советници гласаа ЗА.

1. По однос на првата точка од дневниот без никакви забелешки од страна на советниците беше ставен на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

2.По однос на втората точка од дневниот ред. Без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање за прифаќање на оставка беше ставена на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

3. По однос на третата точка од дневниот ред. Без никаква дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање за прифаќање на оставка беше ставена на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

4.По однос на четвртата точка од дневниот ред без збор зеде директорката на ЈКП Долнени која објаси за што се работи и дека станува збор за старите контејнери кои се хаварисани и не се во функција и дека стариот камион не е во функција и не можи да се поправи. Вака преставената точка пред советниците беше ставена на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

5. По однос на петата точка од дневниот ред претставникот од администрацијата Ќанија објасни за што се работи и дека станува збор за еден вработен кој заминува во пензија и еден вработен се распоредува од едно на друго работно место. Вака преставената точка пред советниците беше ставена на гласање од кој 10 советника гласаа ЗА, 2 беа воздржани и 3 беа против.

6. По однос на шестата точка од дневниот ред претседателот на советот објасни за што се работи и дека советот можи да донесе заклучок за поголема сума и сето тоа зависи од барањата кои се упатени до советот на општина Долнени. Вака преставената точка пред советниците беше ставена на гласањеод кој сите 15 советника гласаа ЗА.

7.Претседателот на советот ги прочита барањата кои беа упатени до советот на општина Долнени.

Барање од Спахиќ Назиќа кој треба да се оперира во Скопје а операциајта е прилично скапа. Советот донесе заклучок да му се доделат 15.000 денари. На име на Спахиќ Назиќа.

Барање од Емина Ајдарпашиќ од с. Десово. Која бара финансиска помошбидејќи е неподвижна а живее во тешки услови. Советот донесе заклучок да му се доделат 10.000 денари

З а п и с н и ч а р

____________________________

Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина Долнени

____________________________

Хусеин Хасановиќ